# ВТОР МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ЗА ИСТОРИЈА НА МЕДИЦИНАТА

# ПРОГРАМА

3-5 НОЕМВРИ 2005
СТРУМИЦА



STRUMICA
3-5 NOVEMBER 2005

# PROGRAM

# SECOND MACEDONIAN CONGRESS FOR HISTORY OF MEDICINE

| | |
|---|---|
| 23. | Виденова Вилма, Мирчевска Деспина,<br>Зафировска Елизабета, (Скопје, РМ)<br>РАЗВИТОКОТ НА СЛУЖБИТЕ ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ ВО МАКЕДОНИЈА<br>Videnova Vilma, Mircevska Despina,<br>Zafirovska Elizabeta (Skopje, RM)<br>DEVELOPMENT OF MENTAL HEALTH SERVICES IN MACEDONIA |
| 24. | Изабела Филов, Оливера Макриевска,<br>Маре Никушева-Тумбевска, Живко Тумбевски (Скопје, РМ)<br>ПСИХИЈАТРИЈА И УМЕТНОСТ<br>Izabela Filov, Olivera Makrievska, Mare Nikuseva-Tumbevska,<br>Zivko Tumbevski (Skopje, RM)<br>PSYCHIATRY AND ART |
| 25. | Изабела Филов, Маре Никушева-Тумбевска,<br>Живко Тумбевски (Скопје, РМ)<br>ИСТОРИЈА НА ПСИХИЈАТРИСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА И СОВРЕМЕНИ ПРИНЦИПИ НА ТРЕТМАН<br>Izabela Filov, Mare Nikuseva-Tumbevska,<br>Zivko Tumbevski (Skopje, RM)<br>HYSTORY OF REHABILITATION IN PSYCHIATRY IN MACEDONIA-THE MODERN APPROACHES OD TREATMENT |
| 26. | Маре Никушева-Тумбевска, Изабела Филов,<br>Живко Тумбевски (Скопје, РМ)<br>ПСИХИЈАТРИЈА НИЗ ВЕКОВИ<br>Mare Nikuseva-Tumbevska, Izabela Filov,<br>Zivko Tumbevski (Skopje, RM)<br>PSYCHIATRY THROUGHT HISTORY |
| 27. | Живко Тумбевски, Маре Никушева-Тумбевска,<br>Изабела Филов, (Скопје, РМ)<br>ИСТОРИЈАТ НА ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА ДЕМИР ХИСАР-50 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ<br>Zivko Tumbevski, Mare Nikuseva-Tumbevska,<br>Izabela Filov, (Skopje, RM)<br>HISTORY OD PSYCHIATRIC HOSPITAL DEMIR HISAR-50 YEARS OF EXISTING |
| 28. | Д. Петровски. К.Пили Кузева (Битола РМ)<br>ПАТ НА ДРОГАТА<br>D. Petrovski. K.Pili Kuzeva (Bitola, RM)<br>DRUGS ROAD |

## ПСИХИЈАТРИЈА И УМЕТНОСТ

## ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА ДЕМИР ХИСАР

**Д-р Изабела Филов, Оливера Макриевска, Д-р Маре Никушева-Тумбевска, Д-р Живко Тумбевски**

Почнувајќи од втората половина на 19 век, до дваесеттите години на минатиот век, само одредена група на психијатри ја споделуваа идејата за уметноста зачната во менталните инситуции. Пред се Чезаре Ломброзо(Cesare Lombroso),чија работа Генио анд Фоллиа(Genious and Insanitu) први ја публикуваа во 1864. Во1907,францускиот психијатар Пол Мениер(Paul Meunier) ја публикува неговата L art chez les fous(Уметноста кај лудилото). Интересно е при тоа дека при оваа публикација тој го користеше псевдонимот Марсел Реја (Marcel Reja).
Валтер Моргенталер (Walter Morgenthaler) чија книга за уметноста и лудилото беше публикувана во 1921, многу години подоцна искажа дека таа книга,,беше повеќе штетна отколку корисна,,.Неговите колеги психијатри не го сфатија тоа како сериозна забелешка.
Слична публикација на Ханс Принзборн една година подоцна доживеа голема афирмација помеѓу тогашните современи уметници, без значаен импакт во психијатрискиот естаблишмент.
Подоцна во 1956, славниот психијатар Лудвиг Бинсвагнер (Ludvig Binsvwagner) увидувајќи го недостатокот од врската помеѓу уметничкиот приказ и традицијата, ја покажа позитивната корелација помеѓу фината уметност и креациите на шизофрените што е всушност взаемно исклучителен концепт.
Но, во актуелниот момент, овој критериум што го изнел Бинсвангер не ја осветлува работата на психијатриските пациенти како уметници, туку -недостатокот од врска со културната уметност-постанува еден од главните критериуми за вид на уметност што францускиот сликар Jean Dubuffet го наречкува Арт Брут. Како млад човек Дубуффет бил фасциниран од илустрациите во публикацијата на Ханс Принзорн. Во 1945 тој патува во Швајцарија. Таму во менталните азили тој ја видел работата на шизофреничните пациенти Адолг Волфли и Хајнрих Антон Милер. Го запознал и Алојз Корбаз шизофреник и неговото извонредно цртање. Дубуфет бил длабоко импресиониран од оригиналноста на овој вид на уменост, што била креирана далеку од моделите и уметничките текови, изолирана од животот, во менталните институции. За него, уметноста на овие луѓе репрезентира вид на екстремен индивидуализам, ослободен од сите социјални и културни притисоци.
Дубуфет одлучил оваа уметност да направи достапна до јавноста.
За цели педесет години, до неговата смрт тој го посветил животот на оваа уметност-да ги собира, изложува и публицира, но и да се заложува за нивно препознавање.
Неговата славна колекција беше првата колекција надвор од менталните институции што содржи уметност креирана од психијатриски пациенти. Неговите ангажирања предизвикаја драматична ре-евалуација на работата од овој вид, импакт што ќе биде високо ценет.
Она што неговите претходници, психијатри, не беа во состојба да го достигнат, Дубуфет успеа да го направи. Тој доведе многу луѓе во контакт со овој вид на уметничка експресија и да постигне за нив препознавање во светот на уметноста.

На овој успех допринесоа неколку специфични околности. Најпрво Дубуфет и самиот беше уметник, компетентен за овој тип на фина уметност. Второ, дојде неговиот „антипсихјатриски став„ и идиосинкратичен однос кон психијатријата. Тој пред се подвлекуваше дека Брут Уметноста не е„лудачка уметност„ ниту пак „психопатолошка уметност„.
После овој момент уметничките историчари , како и јавоста почна да се интересираат за овој тип на уметничка работа и сега тие ја насочуваат вистинската вредност на оваа уметност и нејзината цена.
Арт Брун стана моден тренд во некои западни земји.
Дубуфет инсистираше на силна сепарираност помеѓу Арт Брут и културната уметност. Значи ненасочените уметнички работи на шизофрените не се поврзани со традицијата, односно се нешто сосема настрана од културната уметност.
Половина од делата во колекцијата на Дубуфет беа дела на психијатриски пациенти класирани како шизофрени.Многу од нив веруваа дека нивните дела се резултат на некое внатрешно водено спиритуално искуство.
Од одреден број на психијатри, за уметноста на луѓето со проблеми во менталната сфера е речено:„Нема уметност на лудило повеќе отколку уметност на диспептичните, или уметност на луѓето со поплаки во коленото„.
Но повеќето од психијатрите не се согласуваат со еднаквоста помеѓу психотичните дистурбанси кои ја менуваат личноста со физичките растројства.
Пациентите кои творат имаат мала или неформална едукација.
Некои од нив креатори на оваа уматност, кои поголем дел од животот го поминуваат во психијатриските болници страдаат од тешки психотични растројства, афективни рстројства. Причини поради кои тие и понатаму остануваат хоспитализирани, и понатаму творат и тоа се манифестира во нивното творештво, со симптомите на болеста.Некои од нив, кои хоспитализирани во психијатриски институции ја креираат својата работа во некој вид на транс, се нарекуваат „медиумистички уметници„.
Повеќето од нив се одликуваат со неадекватна едукација, но и со пониско ниво на интелигенција. Кај поголем дел постои оштетување на мозокот во рано детство и последични дистурбанси во матурирањето. Но сите тие, во овој контекст се сосема ослободени од персонални конфронтации со социјалните и културелни феномени.
Од една страна психозата претставува состојба на внатрешна независност и слобода од социјалните стандарди и притисоци, но од друга и тешка психолошка дистурбанца, хендикеп и страдање.Тие дури и да не се свесни за сопствената различност, покасно кога ќе ја увидат сопствената судбина како поднослива и ако со текот на времето страдањата се минимални, шизофрениците и понатаму бараат социјално прифаќање.
Работејќи многу години со шизофрени пациенти Рекамиер изјавил: „Шизофрените покажуваат изразита пасија за менталното здравје„.Тоа е голема вистина бидејќи луѓето кои не се психотични можат да креираат одреден тип на уметност ако постигнат степен на социјална изолација, ако живеат на маргините на општеството.
Според Дубуфет, секој поединец има одреден талент кој е репресиран од културалните случувања. Во психоза, овие случувања се неефективни и постојат услови за оригинални артистички креации.
Уметноста креирана од лица со проблеми во менталното здравје е креирана са нив самите, не за другите.
75 годишна жена, сместена во психијатриска болница прави екстермно убави плетени слики. Нејзината посветеност на оваа работа, плетењето на слики од волна, доаѓаат директно од нејзината имагинација. При понудата на еден пасионер за

уметност да ги купи нејзините слики и да ги изложи во музеј, таа одбива со образложение ,, секогаш го отплетува тоа што го плете,,.

ЛИТЕРАТУРА


1. Navratil Leo. Art Brut & Psychiatry. RAW VISIONS Magazine:Issue 15
2. Zurovac Mirko.Umjetnost kao istina i laz bica .Matica Srpska. 1986